РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 08-2024/1

17-06-2020 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 31-та седница одржана на ден 12.06.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот број 08-3087 од 2019 година, оформен по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата **СЕ ЗАПИРА**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот број 08-3087/1 од 12.06.2019 година, оформен по сопствена иницијатива а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите, за проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист на ________________ поднесен по именување на функцијата директор на ____________________________________.

Предметот со број 08-3087/1 од 12.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-3087/1 од 12.06.2019 година, оформен по сопствена иницијатива а врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите, за проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист на ___________________ поднесен по именување на функцијата директор _________________________.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, побара податоци за имотот на ____________________ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледување на прибавените податоци и по споредувањето на истите со податоците пријавени во анкетниот лист на ______________________ како и во поднесените обрасци за пријавување промени на имотната состојба, ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Борче Стојановски, виш соработник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**